ГРАД СКОПЈЕ

**ФОРУМ НА НВО НА ГРАД СКОПЈЕ**

---

Трибината на тема “Емоционално и ментално здравје на младата популација – предизвици и превенција“ одржана на ден 09.10.2008 година, постави неколку очекувања, и тоа:

- Иницијација за вклучување на сите клучни инволвирани фактори во детекцијата, пристапот и решавањето на проблемите во емоционалното и ментално здравје на младата популација.
- Отпочнување на процесот на процедури и постапки за изработка на Програма за унапредување на менталното здравје.
- Имплементација на поставените стратешки цели од Стратегијата на Град Скопје за соработка со граѓанските организации.

Трибината резултираше со следните заклучоци:

1. Детектирани предизвици по емоционалното и ментално здравје на младата популација
    - Генетски ризик фактори
    - Предизвици во рано детство под влијание на семејството и опкружувањето
        - војна, конфликти
        - сиромаштија
        - губиток на родител, брат-сестра
        - семејно насилство
        - зависности во семејството
        - злоупотреба
    - Предизвици во училишна средина
        - учењето како процес
        - адаптација на разни стадиуми од образовниот процес
        - училишно насилство
        - злоупотреба од наставници и ученици
        - неедуцирани наставници без љубов кон професијата
        - зависности
    - Предизвици карактеристични за адолесценција
        - криза на идентитет
        - криза на зависност
        - криза на интимност
        - криза на негативен идентитет
        - криза на одлучување
        - криза на избор на занимање
        - зависности
        - насилство во врска

2. Детектирани клучни инволвирани чинители во подобрување на пристапот и решавање на проблемите во емоционалното и ментално здравје на младата популација

- Семејство
- Училиште
- Здравствени и стручни установи за превентивна здравствена заштита
- Биро за развој на образованието и МОН
- Меѓуопштински центар за социјална заштита
- Градот Скопје – одделение за социјална, детска и здравствена заштита и одделение за образование
- НВО сектор

3. Препораки за пристап и решавање на проблеми во емоционално и ментално здравје на младата популација

- Воспоставување на систем за ментално здравје во заедницата со вклученост на сите детектирани чинители
- Изготвување на Програма за унапредување на менталното здравје во Град Скопје
- Спроведување на процедури и постапки за унапредување на ментално здравје на сите нивоа

  - Здравствена едукација на заедницата
  - Пренатална здравствена заштита и добра акушерска пракса
  - Зајакнување на капацитетите на стручните служби на училиштата (формирање на тим од педагог, психолог и социјален работник)
  - Едукација на стручните служби и наставниците од страна на компетентни стручни лица од соодветната проблематика со современи пристапи за решавање на проблеми
  - Изготвување на Програма за волонтерска работа на наставниците пред заснование на работен однос со критериуми за евалвација
  - Подготовка на критериуми и процедури за избор на одделенски раководител
  - Едукација на младите за предизвиците и превенцијата на проблемите во емоционалното и ментално здравје
  - Промена на законската регулатива во делот на третирањето на зависници на возраст од 8-14 години
  - Изготвување на Програми за развивање на емоционалната интелигенција и нивна примена во образовниот процес
  - Вклучување на спортски активности, музика и уметности во програмите за зајакнување на емоционалното и ментално здравје на младата популација
  - Организирање на трибини, семинари и работилници за конкретни проблеми од сферата на емоционалното и ментално здравје, со пристапи и решенија наменети за сите чинители вклучени во процесот на зајакнување на менталното здравје на младите